РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.СТ.035.01

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА КОНЦЕПТОТ ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР

**Август 2018**

| Историја на документот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | 09. 08. 2018 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## Содржина

**1. Вовед** 5

**2. Активности за спроведување на Стратегијата** 5

2.1. Активности во рамките на Царинската управа 6

2.1.1. Формирање на работна група за развој на ОЕО концептот 6

2.1.2. Акциски план 6

2.1.3. Надзор над спроведување на акцискиот план 7

2.1.4. Поединечни организациски активности 7

2.1.4.1. Активности на Секторот за царински систем 7

2.1.4.2. Активности на Секторот за информатички и комуникациски технологии 7

2.1.4.3. Активности на Секторот за финансиски прашања 8

2.1.4.4. Активности на Секторот за контрола и истраги 8

2.1.4.5. Активности на Секторот за управување со човечки ресурси 8

2.1.4.6. Одделение кабинет на директорот 9

2.2.1.4.7 Одделение за меѓународна соработка, проекти и европски интеграции 9

2.2. Активности кон надворешни субјекти 9

2.2.1. Формирање на работна група со надворешни субјекти 9

2.2.2. Обуки и работилници 10

2.2.3. Реорганизирање на веб страницата на Царинската управа 10

**3. Завршни одредби** 10

| Референтни документи | |
|---|---|
| **Референца** | **Наслов на документот** |
| Меѓународни договори | Централно европски Договор за слободна трговија – ЦЕФТА Дополнителен протокол 5 „Службен весник на Република Македонија“ број 12/18 |
| Закони | Закон за Царинската управа „Службен весник на Република Македонија“ број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16 и 120/18 |
| | Царински закон „Службен весник на Република Македонија“ број 39/05; 04/08; 48/10; 158/10; 44/11; 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15,и 23/16 |
| Стратешки план | Стратешки план на Царинската управа на Република Македонија 2018-2020 |
| | |
| | |
| | |
| | |

| Термини или кратенка | Значење |
|---|---|
| ЦЕФТА | Централно европски Договор за слободна трговија |
| ДП5 | Дополнителен протокол 5 |
| ОЕО | Овластен економски оператор |

## 1. Вовед

Законот за ратификација на ДП 5 на Договорот за изменување и пристапување на ЦЕФТА е донесен и објавен во Службен весник на Република Македонија број 12 од 18.01.2018 година.

Анексот 3 од ДП 5 се однесува на Овластениот економски оператор (ОЕО), критериумите и условите за издавање на одобрение, видовите на одобенија, поволностите кои се предвидени за имателите, услови за поништување, укинување и измена на одобренијата, надзор и можност за взаемно признавање на издадените одобренија во ЦЕФТА страните.

Анексот 3 од ДП 5 е во целост усогласен со соодветните одредби на Царинскиот закон на Европската унија (Union Customs Code UCC) како и соодветните одредби на Делегираната уредба и Уредбата за имплементација.

Концептот ОЕО претставува алатка за подобрување и олеснување на работењето на сите вклучени субјекти во меѓународниот синџир на снабдување.

Царинската управа на Република Македонија свесна за значењето на концептот ОЕО, можностите кои тој ги нуди за економските оператори и за Царинската управа се заложува за понатамошен развој на концептот, промовирање на истиот пред деловната заедница како и обезбедување помош и поддршка за сите заинтересирани оператори од една страна, и воедно развој и унапредување на самата царинска служба при спроведување на надлежностите поврзани со концептот ОЕО.

Дополнително, унапредувањето на самиот концепт претставува и дел од Стратешкиот план на Царинската управа на Република Македонија 2018-2020 бр. 01-011924/18-0001 од 21.03.2018 година воедно и дел од Акцискиот план на Царинската управа на Република 2018-2020.[1]

## 2. Активности за спроведување на Стратегијата

Со цел да се создадат услови за оптимален развој за подобрување и понатамошен развој на концептот ОЕО, Царинската управа потребно е да преземе активности кои се поврзани со делување во два сегмента, и тоа:

- Активности кои потребно е да се спроведат внатре во рамките на Царинската управа и

[1] Стратешкиот план на Царинската управа на Република Македонија 2018-2020 е објавена во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

- Активности кои потребно е да се спроведат кон надворешни субјекти: економски оператори и други државни органи.

## 2.1. Активности во рамките на Царинската управа

### 2.1.1. Формирање на работна група за развој на ОЕО концептот

Работната група потребно е да биде составена од високото раководство на Царинската управа во чии рамки треба да учествуваат раководителите на Секторот за царински систем, Секторот за финансиски прашања, Секторот за информатички и комуникациски технологии, Секторот за контрола и истраги, Секторот за управување со човечки ресурси, Одделение кабинет на директорот и Одделението за меѓународна соработка, проекти и европски интеграции.

Работната група потребно е да подготви Акциски план поврзан со активностите 1 и 2, која ќе го следи неговото исполнување и за истото на месечно ниво да го известува директорот на Царинската управа.

Во рамките на работната група, покрај раководните лица, потребно е да учествуваат и соодветни експерти од назначените сектори кои и ќе учествуваат во директно спроведување на активностите од акцискиот план (тим за имплементација).

Горенаведените лица се постојани членови на работната група.

Покрај постојаните членови од Централната управа потребно е вклучување на привремени членови од редовите на царинарниците (раководни лица и експерти) кои ќе учествуваат во регионалниот развој и промоција на ОЕО концептот на регионално ниво.

Потребата од горенаведеното е препознавање на значењето на ОЕО концептот и вклучувањето на предложените лица му дава висок приоритет на самиот проект.

### 2.1.2. Акциски план

Акцискиот план потребно е да содржи активности поврзани со промоција на ОЕО концептот кон економските оператори преку работилници кои ќе се спроведуваат на регионално ниво, интезивни обуки за вработените во Царинската управа и работилници со други државни органи кои непосредно се поврзани со ОЕО концептот како инспекциски служби на граница, Агенција за цивилно воздухопловство, министерства и други.

Дополнително, акцискиот план треба да содржи и внатре организациски активности преку пропишување на улогата на сите сектори и царинарници во развојот на ОЕО концептот и воспоставување на целосно функционален процес кој обезбедува негово успешно спроведување, анализа за постоење на потребата од реструктуирање на службата, утврдување на надлежностите и обврските на другите сектори при проверка на критериумите и соодветните услови за издавање на ОЕО одобрение (процес на поднесување на барање, процес на издавање на одобрение), управување со одобрението, надзор и повторна проценка.

### 2.1.3. Надзор над спроведување на акцискиот план

Надзорот над спроведување на акцискиот план директно го спроведува генералниот директор со определување на обврска за доставување на месечни или квартални извештаи од страна на проект менаџерот и нивно разгледување на состанок на работната група во целост.

### 2.1.4. Поединечни организациски активности

#### 2.1.4.1. Активности на Секторот за царински систем

Усогласување на царинските прописи (Царински закон, Уредба за спроведување со царинскиот закон и Прирачник за овластен економски оператор) со најновите ЕУ прописи;

Организациско екипирање со соодветни експерти кои ќе бидат директно вклучени во процесот на поднесување на барање и процесот на издавање на одбренија;

Спроведување на директни состаноци со заинтересираните економски оператори можни подносители на барања за овластен економски оператор;

Учество во обуки за вработени лица во Царинската управа, економските оператори и други државни органи.

#### 2.1.4.2. Активности на Секторот за информатички и комуникациски технологии

Специјализирање и назначување на експерти за проверка на безбедност и сигурност на информатичките системи кај економските оператори;

Учество во проверка на критериумите за издавање на одобрение за ОЕО кај економскиот оператор;

Учество во надзорот и повторната проценка да дадените одобренија;

Анализа и создавање на решенија за размена на информации со други царински органи со кои Република Македонија ќе склучи Договор за взаемно признавање на издадените одобренија за овластен економски оператор;

Пропишување на наведените активности во рамките на надлежноста на секторот.

### 2.1.4.3. Активности на Секторот за финансиски прашања

Специјализирање и назначување на експерти за проверка на критериумот финансиската солвентност кај економските оператори;

Учество во надзорот и повторната проценка да дадените одобренија;

### 2.1.4.4. Активности на Секторот за контрола и истраги

Специјализирање и назначување на експерти за проверка на условите поврзани со трговската и транспортната евиденција на економскиот оператор;

Изработка на критериуми за анализа на ризик за овластените економски оператори;

Специјализирање и назначување на одговорни лица кои ќе спроведуваат проверка на критериумот поврзан со почитување на барањата на царинските прописи односно усогласеност со царинските прописи, како и изработка на профил на економскиот оператор од аспект на анализа на ризик;

Специјализирање и назначување на лица одговорни при спроведување на контролата кај економскиот оператор;

Специјализирање и назначување на лица кои ќе спроведуваат надзор и повторна проценка на дадените одобренија;

### 2.1.4.5. Активности на Секторот за управување со човечки ресурси

Организирање на основни и напредни обуки за сите вработени во Царинската управа, и тоа вработени на гранични премини, внатрешни испостави и Централната управа;
Организирање на работилници со економски оператори од сите можни профили на можни подносители на барања организирани на централно и регионално ниво;

Организирање на работилници со други државни органи, учесници во OEO концептот;

Воспоставување на обврска на царинските службеници за посетување на е-учење модулите, за надградба на нивното знаење, како и спроведување на надзор над исполнувањето на обврската;

Пропишување на улогите на вклучените надлежни организациони единици во ОЕО концептот во рамките на актите за Систематизација на работни места во Царинската управа и Правилникот за работа.

#### 2.1.4.6. Одделение кабинет на директорот

Активности за поддршка на постојаната промоција на ОЕО концептот по пишани и електронски медиуми, како и организација на јавно доделување на издадените одобренија;

Посредување во организација на надворешни обуки, работилници и директни состаноци со економските оператори и потребните државни органи и служби.

#### 2.1.4.7. Одделение за меѓународна соработка, проекти и европски интеграции

Организација и следење на активностите поврзани со преземање на чекори за постигнување на договори за взаемно признавање на издадените одобренија за овластен економски оператор со други земји;

Анализа и можни решенија за учество на царинските службеници во меѓународни проекти и работилници поврзани со унапредување на концептот овластен економски оператор;

Подобрување на соработката на Царинската управа со други органи и организации на меѓународен план поврзани со ОЕО концептот.

## 2.2. Активности кон надворешни субјекти

Активностите кои Царинската управа на Република Македонија треба да ги преземе, а се насочени кон надворешни субјекти може да се групираат во неколку области и тоа:

### 2.2.1. Формирање на работна група со надворешни субјекти

Развојот на концептот овластен економски оператор и неговото натамошно подобрување и фунционирање во целост, ја наложува потребата од формирање на експертска работна група во која покрај вработени службеници од Царинската управа ќе вбројува претставници од имателите на одобренија за овластен економски оператор и претставници од други државни органи кои на посреден начин се поврзани со концептот овластен економски оператор.

Работната група потребно е да се формира во оној момент кога ќе се создадат предуслови за тоа (доволен број на одобренија на овластен економски оператор).

До моментот на создавање на потребни услови за формирањена работна група со надворешни функции дел од активностите ќе се спроведуваат преку Советодавното тело и Националниот комитет за олеснување на трговијата.

### 2.2.2. Обуки и работилници

За сите вклучени учесници во ОЕО концептот и тоа: економски оператори, стопански комори, министерства и други државни органи да се организираат обуки и работилници преку кои на непосреден начин ќе се пренесе концептот овластен економски оператор.

Пристапот кон обуките и работилниците треба да биде регионален со цел обезбедување на квалитетни обуки со намалени трошоци за економските оператори.

Покрај непосредните обуки за сите релевантни субјекти за ОЕО концептот, потребно е воспоставување и на курсеви за е-учење на веб страницата на Царинската управа преку кои релевантните субјекти ќе добијат основни знаења поврзани со самиот концепт.

### 2.2.3. Реорганизирање на веб страницата на Царинската управа

Веб страницата на Царинската управа потребно е да се реорганизира со поставување на логото „овластен економски оператор“ на почетната страница, вклучувајќи ги и потребните прописи кои ја регулираат оваа област.

Назначување и објава на контакт лице за ОЕО од редовите на вработените во Царинската управа кое претставува прв контакт за економските оператори за добивање на предзнаења за самиот концепт и воедно претставува водич за економските оператори низ целиот процес за добивање на одобрение за овластен економски оператор.

Објавување на сите активности поврзани со развој на ОЕО концептот.

## 3. Завршни одредби

За успешно спроведување на Стратегијата работната група потребно во рок од 2 месеци од денот на донесување да подготви Акциски план со конкретни рокови за остварување на целите поставени во стратегијата. Предвидените

рокови во Акцискиот план да бидат поделени на краткорочни, среднорочни и долгорочни.

Организационите единици на Царинската управа со своите преземени чекори да допринесат во исполнување на поставените цели и задачи.

Спроведување на сите активности од Акцискиот план ќе овозможи заокружување на целокупниот процес кој се однесува на овластен економски оператор.

Воспоставување на целосен процес за овластен економски оператор ќе претставува можност ОЕО програмата да биде предмет на договор за взаемно признавање со други земји како крајна цел на оваа Стратегија.

Директор,
м-р Гоко Танасоски

Бр. 01-067927/18-0001
Скопје, 07.08.2018г.

09. 08. 2018

| | |
|---|---|
| Стратегијата ја подготви: | Сектор за царински систем<br>Одделение за царински и даночни постапки |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија,<br>Управници на царинарници. |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |